СТ - 6 / 2024

ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ

# И З В Е Ш Т А Ј

за економско - финансиска состојба на

Друштво за основање и користење на слободна економска зона, консултантски и менаџмент активности ДОЛИНА НА НИКЕЛОТ ДООЕЛ с.Возарци Кавадарци

**за**

**И З В Е Ш Т А Ј Н О   С О Б Р А Н И Е**

***Април, 2024 година***

По предлог на доверители - група на вработени кај должникот, со Решение Ст.бр.6/24 од 04.03.2024 на Основен суд Кавадарци, отворена е стечајна постапка над стечајниот должник **Друштво за основање и користење на слободна економска зона, консултантски и менаџмент активности ДОЛИНА НА НИКЕЛОТ ДООЕЛ с.Возарци Кавадарци**, со седиште на с.Возарци Кавадрци, со ЕМБС 5511755 и ЕДБ 4011001116076 и трансакциски сметки број 280109103950193 при Силк Роуд банка АД Скопје, број 300040000058040 при Комерцијална Банка АД Скопје.

Со истото решение за стечаен управник е назначено лицето Христина Јоновска од Скопје.

Согласно чл.96 став (1) од Законот за стечај и стандардите за изготвување на извештај на стечајниот управник за Извештајно Собарние, стечајниот управник го изготви овој извештај и истиот е депониран во стечајното досие на увид на доверителите.

**Извештајот е направен со цел да се :**

1. Утврди имотот од кој може да формира стечајна маса за намирување на трошоците на стечајната постапка и доверителите (нематеријални, и материјални средства, финансиски средства, залихи, побарувања, парични средства и парични еквиваленти),
2. Утврдат доверителите на должникот,
3. Да се донесе одлука од страна на доверителите дали деловниот потфат на должникот ќе биде затворен или продолжен.

**Извешатјот е поделен во 5 дела :**

1. Краток историјат и статус на стечајниот должник,
2. Мерки и активности превземени од стечајниот управник,
3. Анализа и евиденција на книгите и документација на стечајниот должник,
4. Очекуван исход во случај на затварање на деловниот потфат и впаричување на стечајната маса и
5. Мислење на стечајниот управник за иницијатива за подготовка на план за реорганизација.

**Составен дел на овој Извештај се :**

1. Образец 1 - Список на должници на стечајниот должник
2. Образец 2 - Список на доверители на стечајниот должник
3. Образец 3 - Табела на пријавени и утврдени побарувања
4. Образец 4 - Почетен биланс на стечајот

1. Краток историјат и статус на стечајниот должник

Стечајниот должник како правно лице основан е во 2001 година, и истиот е друштво со ограничена одговорност ДООЕЛ од еден содружник правното лице ЕУРОНИКЕЛ ИНДРУСТРИ ДОО с.Возарци Кавадарци.

Друштвото е основано со паричен основачки влог од 50.155.000,00 денари, што ја претставува целокупната основна главнина на друштвото.

Во моментот на поведување на стечајната постапка кај должникот нема овластено лице за застапување - управител.

Основна регистрирана дејност е- Дејност на советување во врска со работењето и останато управување, но всушност согласно Договор за деловно техничка соработка со нарачателот ЕУРОНИКЕЛ Индустри ДОО Кавадарци, должникот со цел заштита на објектите вршел услуги за физичко обезбедување и противпожарна заштита исклучиво за потребите на нарачателот.

2. Мерки и активности превземени од страна на стечајниот управник

Со Решение СТ-6/24 од 04.03.2024 год. на Основниот суд Кавадарци, поради несолвентност отворена е стечајна постапка над должникот **Друштво за основање и користење на слободна економска зона, консултантски и менаџмент активности ДОЛИНА НА НИКЕЛОТ ДООЕЛ с.Возарци Кавадарци** .

По назначувањето за стечаен управник, а во рамките на отворената стечајна постапка, согласно задолженијата од одредбите од Законот за стечај, стечајниот управник ги превзеде следните дејствија :

1. Изврши е преглед на деловната документација Билансите од последните пет години од 2019 - 2023 год.
2. Изготви и предаде Завршна сметка за 2023 год. и до денот на отварање на стечајната постапка 04.03.2024 година.
3. Превзеде дејствија за промена на лице за застапување во Трговскиот регистар при Централен Регистер на РСМ и отвори нова стечајна трансакциска сметка во Комерцијална банка АД Скопје број 300000005138611
4. Направен е нов печат со назнака " во стечај " .
5. Известена е Клириншката куќа за интербанкарски работи,
6. Објавени се сите потребни огласи во Службен весник на РСМ бр. 56 од 07.03.2024 година и во два дневни весници кои се дистрибуираат на територија на Р.Македонија - Нова Македонија и Вечер од 06.03.2024 година, со цел доверителите да ги пријават своите побарувања ,
7. Обработени се пријавените побарувања на доверителите кои навремено го пријавиле своето побарување. Изработена е Табела - Шема на пријавени побарувања и истата е доставена до доверителите со оспорени побарувања.

8. Изготви извештај за економско - финансиската состојба за извештајно собрание, со прилози.
10. Изготви почетен стечаен биланс

## 3. Анализа на финансиското работење на должникот.

Сметководството кај стечајниот должник е водено од вработено лице - сметководител кај сопственикот на должникот, така што пред Регистарот за годишни сметки предавал завршни пресметки заклучно со 2022 година, а за 2023 година и од 01.01.2024 - 04.03.2024 год., денот на отварањето на стечајната постапка, изготвена и предадена е завршна сметка од надворешен овластен сметководител .

Финансиската состојба кај должникот е констатирана врз основа на Билансите за состојба и успех за периодот од 2019 до денот на отварање на стечајната постапка , но

***Стечајниот управник не навлегуваше во вистинитоста на податоците во деловните книги и извештаите кај должникот.***

Финансиските резултати од работењето се прикажани во следната :

## Табела 1 :

**БИЛАНС НА УСПЕХ**

| ОПИС | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 / 04.03.2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| **I. Приходи од работење** | **33,313,508.00** | **48,529,826.00** | **33,575,023.00** | **31,724,406.00** | **37,261,534.00** |
| приходи од продажба | 32,362,355.00 | 48,430,549.00 | 33,323,608.00 | 30,205,267.00 | 37,261,534.00 |
| останати финансиски приходи | 951,153.00 | 99,277.00 | 251,415.00 | 1,519,139.00 | |
| **II. Расходи од работење** | **33,627,054.00** | **47,722,730.00** | **33,450,866.00** | **30,751,936.00** | **38,668,869.00** |
| материјални трошоци | 326,211.00 | 10,400.00 | 24,610.00 | 1,200.00 | 20,888.00 |
| останати трошоци | 8,865,508.00 | 19,515,070.00 | 3,474,144.00 | 145,465.00 | 1,137,081.00 |
| трошоци за вработени | 24,435,335.00 | 28,088,985.00 | 29,921,392.00 | 30,574,551.00 | 37,179,059.00 |
| останати расходи од работење | | 108,275.00 | | | 296,001.00 |
| амортизација на материјални средства | | | 30,720.00 | 30,720.00 | 35,840.00 |
| **Финансиски расходи** | **815,190.00** | **621.00** | **1,074.00** | **13,192.00** | |
| **III.** Добивка-Загуба | **(1,128,736.00)** | **806,475.00** | **123,083.00** | **959,278.00** | **(1,407,335.00)** |
| Просечен број на вработени | 57 | 56 | 65 | 64 | 56/47 |

Во 2019 година кога се евидентирани негативни финансиски резултати - Загуба во работењето од 1.128.736,00 денари, во наредниот период од 2020 - 2022 година, евидентирани се позитивни финансиски резултати - добивка од работење која во 2020 година изнесувала 806.475,00 ден., во 2021 година е 123.083,00 денари, и во 2022 година добивката од работењето е 959.278,00 денари, додека пак во 2023 година и два месеци од 2024 година до денот на отварање на стечајната постапка, поради зголемените трошоци кај вработените, евидентирана е загуба од 1.407.335,00 денари.

Кон крајот на 2023 и почетокот на 2024 година со отварање на стечајната постапка над единствениот сопственик и нарачател ЕУРОНИКЕЛ Индустри ДОО Кавадарци, и настанување на правните последици од истата, Договорот за деловно техничка соработка - физичко обезбедување и противпожарна заштита престанува по сил на закон, па со оглед да должникот е регистриран за вршење на оваа дејност за сопствени потреби исклучиво за нарачателот, истиот престанува да ја врши својата дејност за која е регистриран, а со тоа е загрозена ликвидноста на друштвото, со што оправдано е отворена стечајна постапка над должникот.

Согласно <u>Билансот на состојба</u> за истиот период е констатирана состојба прикажана во Табела 2 :

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**

| Опис | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 / 04.03.2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| **I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | 153,598.00 | 122,878.00 | 92,158.00 | 56,318.00 |
| **А. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | - | - | - | - | - |
| **постројки и опрема** | | | | | |
| **алат погонски и канцелариски инвентар** | | | | | |
| **Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **6,663,488.00** | **3,610,061.00** | **3,584,348.00** | **3,156,854.00** | **11,140,634.00** |
| **КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА** | | | | | |
| побарувања од поврзани друштва | | | | 2,808,230.00 | 10,923,549.00 |
| побарувања од купувачи | 5,964,996.00 | 2,690,622.00 | 2,593,109.00 | | |
| побарувања за дадени аванси | 59,456.00 | 59,457.00 | 355,457.00 | 296,001.00 | |
| побарувања од државата по основ на даноци | - | 273,151.00 | 481,099.00 | 29,356.00 | 70,329.00 |
| побарувања за дадени заеми | 296,000.00 | 296,000.00 | - | - | |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ЕКВИВАЛЕНТИ** | 343,036.00 | 290,831.00 | 154,683.00 | 23,267.00 | 146,756.00 |
| **ВКУПНА АКТИВА : СРЕДСТВА** | **6,663,488.00** | **3,763,659.00** | **3,707,226.00** | **3,249,012.00** | **11,196,952.00** |

**Активата - средствата кај должникот за целиот период се состоела од Нематеријални средства** кои се однесуваат на софтвер за сметководство кој е со незначителна вредност **Материјални средства** не се евидентирани, а

Најголемиот дел од Имотот на должникот се однесува на :

**Тековни средства** - побарувања од купувачи , за дадени аванси и побарувања од државата за повеќе платен данок, кои во периодот од 2019 - 2022 година се во пад, додека во 2023 и со денот на отварање на стечајната постапка побарувањата драстиччо се зголемуваат, така што побарувањата од поврзани друштва се 10.923.549,00 денари и учествуваат со 97,56% во вкупната актива имотот на должникот.

Сметководствено се евидентирани побарувања од државата за повеќе платен данок од 70.329,00 ден.

Исто така под ставка тековни средства се евидентирани и Парични средства на сметка во Комерцијална банка АД Скопје од 146.756,00 ден.

**Туѓите средства - Обврските** се прикажани во

## Табела 3 :

| Опис | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 / 04.03.2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПАСИВА : А СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА** | **(5,745,338.00)** | **(5,019,511.00)** | **(4,911,863.00)** | **(4,050,405.00)** | **(5,457,740.00)** |
| I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА | 50,155,000.00 | 50,155,000.00 | 50,155,000.00 | 50,155,000.00 | 50,155,000.00 |
| АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | 6,169,497.00 | 6,169,497.00 | 6,895,324.00 | 7,002,972.00 | 7,864,430.00 |
| ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | 60,321,609.00 | 62,072,218.00 | 62,072,218.00 | 62,072,218.00 | 62,072,218.00 |
| ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНА ГОДИНА | 1,750,609.00 | | | | 1,407,335.00 |
| ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНА ГОДИНА | - | 725,827.00 | 107,648.00 | 861,458.00 | |
| **Б. ОБВРСКИ - ТУЃИ СРЕДСТА** | **11,254,808.00** | **8,783,170.00** | **8,619,089.00** | **7,299,417.00** | **16,654,692.00** |
| долгорочни резервирања за пензии | 2,005,289.00 | 2,005,290.00 | 2,005,290.00 | 2,005,290.00 | 2,005,290.00 |
| **КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | **9,249,519.00** | **6,777,880.00** | **6,613,799.00** | **5,294,127.00** | **14,649,402.00** |
| обврски према добавувачи | 92,179.00 | 27,992.00 | 7,290.00 | 136,640.00 | 13,015.00 |
| обврски за даноци и придонеси | 681,875.00 | 722,899.00 | 697,263.00 | **758,153.00** | **3,913,828.00** |
| обврски кон вработени | 1,430,614.00 | 1,482,664.00 | 1,447,125.00 | 1,776,740.00 | 8,198,163.00 |
| тековни даночни обврски | 3,001,581.00 | 526,635.00 | 444,431.00 | 123,744.00 | 25,546.00 |
| останати краткорочни обврски | 4,043,270.00 | 4,017,690.00 | 4,017,690.00 | 2,498,850.00 | 2,498,850.00 |
| Одложено плаќање на трошоци | 1,154,018.00 | | | | |
| **ВКУПНА ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | 6,663,488.00 | 3,763,659.00 | 3,707,226.00 | 3,249,012.00 | 11,196,952.00 |

**Туѓите средства - Обврските,** во периодот од 2019-2023 година се во пад посебно кај тековните даночни обврски и кај обврските према добавувачите , додека обврските према вработените за нето плати, даноци и придонеси од плати се драстично зголемени и истите се во вкупен износ **од 12.111.991,00 денари**

Вкупните **краткорочни обврски** со денот на отварање на стечајната постапка се **14.649.402,00 денари** и се по следните основи :

- Обврски према добавувачи износ од 13.015,00 денари
- Обврски за тековни даноци, во износ од 25.546,00 денари
- Обврски за нето плати, износ од 8.198.163,00 денари
- Обврски за даноци и придонеси од плата, износ од 3.913.828,00 денари
- Останати Краткорочни обврски за консултански услуги од 2.498.850,00 денари

А исто така евидентирани се **долгорочни обврски** по основ на резервирани обврски за пензии, отпремнини и слични обврски кон вработените, во износ од **2.005.290,00 денари** .

Имено, најголемиот дел од обврските припаѓаат на обврски кон вработените за нето плати, даноци и придонеси од плати, и истите учествуваат со 83% од вкупните краткорочни обврски на друштвото.

## *Список на должжници на стечајниот должник ( Прилог 1)*

Побарувањата се искажани според сметководствената документација кај должникот и истите се однесуваат на побарување од поврзано друштво ЕУРОНИКЕЛ ИНДРУСТРИ ДОО с.Возарци Кавадарци, во износ од 10.923.549,00 денари и истото е пријавено во отворената стечајна постапка над должниковиот должник.

*Списокот на должници на стечајниот должник е во прилог .*

## *Список на доверители на стечајниот должник (Прилог 2)*

Обврските на ДОЛИНА НА НИКЕЛОТ ДООЕЛ с.Возарци Кавадарци, се утврдени врз основа на пријавените побарувања искажани во Табелата (Шема) на пријавени побарувања, по што стечајниот судија со решение ги утврдува и оспорува пријавените побарувања на доверителите, така што незадоволните доверители своето право можат да го остварат со поведување на постапки за утврдување на оспорените побарувања.

***Списокот на доверители е изготвен врз база на пријавените побарувања кај должникот и истиот е во прилог кон извешајот .***

## *Почетен стечаен биланс (Прилог 4)*

Вреднувањето на ставките во почетниот стечаен биланс е превземено согласно сметководствената документација, а за обврските согласно пријавените побарувања од доверителите.

## Опис на ставките во почетниот стечаен биланс

### I. ИМОТ НА СТЕЧАЈНИОТ ДОЛЖНИК

- **Побарувањето од должниковиот должник ЕУРОНИКЕЛ Индустри ДОО Кавадарци** - во стечај, во износ од **10.923.549,00 денари**, и
- **Паричните средства**, на гасените сметки на должникот на денот на отварање на стечајната постапка во Комерцијална банка АД Скопје во износ од 139.683,00 денари кои се пренесени на стечајната сметка.

### II. ОБВРСКИ НА СТЕЧАЈНИОТ ДОЖНИК

Обврските - се базираат на пријавени и утврдени побарувања на доверители на должникот од повисок исплатен ред на име главен долг до отварање на стечајната постапка износ од 12.275.717,00 денари.

Трошоци на стечајна постапка не би можело со точност да се предвидат и да се пресметаат и истите ќе варираат во зависност од формирање на стечајна маса, односно во зависност од висината на наплата на побарувањето. Определените трошоци во почетниот стечаен биланс од 650.000,00 денари се пресметани во случај да се наплати побарувањето од должниковиот должник во целост.

**Почетниот стечаен биланс е претставен само како табеларен, сумарен преглед на средствата и обврските и истиот не е избалансиран т.е. вкупниот износ на средствата не е еднаков на вкупниот износ на обврските, што се должи на вреднувањето на средствата како и утврденоста на обврските, а врз база на тоа и задолженоста на капиталот.**

## *Мислење и очекуван исход*

Фактичката состојба покажува дека,
Имот кој би влегол во стечајна маса се паричните средства кои од гасените сметки се пренесени на стечајната сметка во износ од 139.683,00 денари и побарувањето од ЕУРОНИКЕЛ Индустри ДОО Кавадарци сега во стечај, на износ од 10.923.549,00 ден. , за намирување на трошоците на стечајната постапка и доверителите,па

Со оглед да Договорот за деловно техничка соработка - физичко обезбедување и противпожарна заштита со ЕУРОНИКЕЛ Индустри ДОО Кавадарци, е раскинат поради отварање на стечајна постапка над нарачателот на услугите и настанување на правните последици од постапката, и
должникот повеќе не ја извршува својата дејност за која е регистриран ,
стечајниот управник е на мислење дека нема средства и услови да се продолжи со деловниот потфат,
па согледувајќи ја целокупната ситуација и задолженоста на капиталот, согласно Законот за стечај, стечајниот управник предлага ,

**Деловниот потфат на должникот да биде ЗАТВОРЕН И ЛИКВИДИРАН, а имотот на должникот впаричен со наплата на побарувањето од должникот** ЕУРОНИКЕЛ Индустри ДОО Кавадарци, пријавено во отворената стечајна постапка .

Друштво за основање и користење на слободна економска зона, консултантски и менаџмент активности ДОЛИНА НА НИКЕЛОТ ДООЕЛ -во стечај Кавадарци с.Возарци

Стечаен управник
Христина Јоновска